# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 49 | 29.04.2021 год. |

ЈЕГУНОВЦЕ, АПРИЛ 2021

1.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Јегуновце за I квартал за 2021 г.

**Се прогласува** Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Јегуновце за I квартал за 2020 г. што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 28.04.2021 год.

Бр. 09-546/1
29.04. 2021год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 28.04.2021 год. донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2021 г.**

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2021 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-519/3
28.04.2021 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

3.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во општина Јегуновце за 2021 година

**Се прогласува** Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во општина Јегуновце за 2021 година што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2021 год.

Бр. 09-546/2
29.04. 2021год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 60 и 61 од Законот за јавните патишта ("Сл.весник на РМ" бр.84/08, 52/09,114/09,124/10, 23/11, 53/11...163/16 ) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 28.04.2021 год. донесе

# П Р О Г Р А М А
## За изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2021 година

Со оваа Програма се настојува да се опфатат сите годишни работи за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улиците во Општина Јегуновце за 2021 година.

Покрај ова во Програмата ќе бидат опфатени и работите околу доградба на линии за улично осветлување и одржување на уличното осветлување по населените места во општината.

Реализацијата на предвидените работи со Програмата во основа ќе зависи од приливот на финансиски средства за тековната 2021 година како и ангажираноста и учеството на месната самоуправа во изградбата и одржувањето на општинските патишта и улици.

Според известување од Агенцијата за државни патишта-Скопје средствата наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за Општина Јегуновце за 2021 г. изнесуваат 2.293.969,00 ден.

I. Приходи

| | |
|---|---|
| 1. Од Агенцијата за државни патишта | 2.293.969 ден. |
| 2. Надоместок за улично осветлување | 6.000.000 ден. |
| 3. Надоместок за градежно земјиште | 250.000 ден. |
| Вкупно: | 8.543.969 ден. |

Од предвидените приходи средствата ќе се реализираат како следи:

II. Расходи

| | |
|---|---|
| 1. За изградба на општински патишта и улици, | 2.293.969 ден. |
| 2. За потрошена електрична енергија изградба и одржување на ул.осветлување | 6.000.000 ден. |
| 3. За редовно инвестиционо одржување | 250.000 ден. |
| Вкупно: | 8.543.969 ден. |

Од планираните средства за изградба и одржување се предвидуваат следниве работи:

Изградба на општински патишта и улици, крпење на најоштетените делови од локалната патна мрежа и тампонирање на улици по населените места на Општина Јегуновце.

За зимско одржување на општинската патна мрежа ќе се ангажира организација спремна со механизација за таква намена.

Предвидените средства од Агенцијата за државни патишта према расходи би биле:

| | |
|---|---|
| - за изградба 50% | 1.146.984 ден. |
| - за редовно инвестиционо одржување 30% | 688.191 ден. |
| - за зимско одржување 20% | 458.794 ден. |

Планираните средства за улично осветлување ќе се реализираат за потрошена ел. енергија, за купување на електро опрема за улично осветлување и за одржување на уличното осветлување.

Планираните средства од надоместок за градежно земјиште ќе се реализираат за редовно инвестиционо одржување на патишта и улици

Реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-519/4
28.04.2021 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

6.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год.

**Се прогласува** Одлуката за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 28.04.2021 год.

Бр. 09-546/3<br>29.04. 2021год.<br>Јегуновце

Општина Јегуновце<br>Градоначалник<br>Дарко Блажески,с.р.

7.-

Врз основа на член 22 став 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21-а став 1 точка 11-а од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 28.04.2021 год. донесе,

## ОДЛУКА
За донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год.

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год.

### Член 2

Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год. од член 1 се составен дел на оваа Одлука и истиот не се објавува во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-519/5
28.04.2021 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

8.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок бр.08- 519/6 од 28.04.2021 год.

**Се прогласува** Заклучок бр.08- 519/6 од 28.04.2021 год. , што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 28.04.2021 год.

Бр. 09-546/4
29.04. 2021год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

9.-

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 28.04.2021 год. го разгледа барањето од Здружението на граѓани во с.Рогачево и донесе,

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Јегуновце го поддржува барањето од Здружението на граѓани во с.Рогачево со кое бара да се реши проблемот со Шаза Бетон-Сепарација поради неконтролирано минирање.

2. Градоначалникот на општина Јегуновце да одржи средба со раководството на Шаза Бетон заради решавање на проблемот поради неконтролираното минирање од кое трпат штетни последици граѓаните на с.Рогачево.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-519/6
28.04.2021 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

10.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок бр.08- 519/7 од 28.04.2021 год.

**Се прогласува** Заклучок бр.08- 519/7 од 28.04.2021 год. , што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 28.04.2021 год.

Бр. 09-546/5
29.04. 2021год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

11.-

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетидеветата седница одржана на ден 28.04.2021 год. го разгледа барањето од КПУ- Затвор Тетово и донесе,

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Јегуновце го поддржува барањето од КПУ- Затвор Тетово за донирање на 100 столчина за потребите КПУ Тетово.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-519/7
28.04.2021 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2021 г. ........ 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за I квартал за 2021 г. ........ 2

3. Решение за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2021 година ........ 3

4. Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2021 година ........ 4

5. Решение за прогласување на Одлука за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год. ........ 6

6. Одлука за донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Јегуновце за 2021 год. ........ 7

7. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-519/6 од 28.04.2021 г. ........ 8

8. Заклучок бр.08-519/6 од 28.04.2021 г. ........ 9

9. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-519/7 од 28.04.2021 г. ........ 10

10. Заклучок бр.08-519/7 од 28.04.2021 г. ........ 11